Архивски број: 08-26/1
Датум:
02 -01- 2025

Постапувајќи по претставката бр. 08-542/1 од 01.08.2024 година, поднесена од [redacted] - Скопје, со седиште на [redacted] Скопје, против [redacted] од Велес, за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група кон припадниците на ЛГБТИ заедницата, во областа на јавното информирање и медимите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација** врз основа на сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група во областа на јавното информирање и медимите, сторено од страна на [redacted] од Велес кон припадниците на ЛГБТИ заедницата.

## Образложение

На 01.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: **Комисијата**) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] – Скопје, против [redacted] од Велес за сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група во областа на јавното информирање и медиумите кон припадниците на ЛГБТИ заедницата.

Имено, на ден 29.07.2024 година во 20:00 часот, именуваниот преку компјутерски систем објавил текстуални содржини – коментари, од својот профил на платформата „Инстаграм“. Во таа насока се наведени коментарите кои ги оставил, и тоа:

-„ мајко мила, педери и кучиња улични ни се побитни од здравство и образование“.
- „ педерите се по дијагноза ментална ретардација, не значи тоа дека се во ист кош со луѓето што имаат шизофренија и други слични ментални болести но перцепцијата, размислувањето и секојдневното функционирање им е различно од медицински здрави. Не сум игнорантен туку сум реален и искрен. Не постои личност во државава шо немал проблем со карцином на близок, на тие луѓе им е потребна грижа и нега и внимание, тие имаат проблем со ментално здравје. Здрав народ и нација немаат проблеми и не решаваат проблеми за педери и кучељубци“.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- „ пробаш да ме навредиш дека сум заостанат, а ми зборуваш за непостоечки поим како емотивна интелигенција. Очигледно ја немаш интелигенцијата. Ментално здравје до ментална ретардација има мн голема разлика. Ти си очигледно од овие ретардираниве бидејќи користиш непостоечки терминологии. Емотивна интелигенција како израз може постои само кај вас ментално заостанати во фиктивен свет шо живеат. Може тебе ти звучам заостанато, но образованието не можеш да ми го земеш како што јас не можам да ја земам твојата болест. Боље спречити него лечити".

Дополнително, се наведува дека горенаведениот, [redacted] поттикнал разни коментари со вознемирувачка содржина, на кои можело да се забележат реакции во вид на „Like" со што се поттикнувала омраза кон припадниците на ЛГБТИ заедницата. Во смисла на наведеното, припадниците на ЛГБТИ заедницата често се соочувале со разни форми на дискриминација, физичко насилство, вербално малтретирање, општествено исклучување, како и потешкотии при пристап до здравствени услуги, вработување, образование и јавни услуги. Во таа насока, се наведува дека на интернет, ЛГБТИ лицата често се соочуваат со вербални навреди, омаловажувања, закани со физичко насилство, па дури и со смрт. Оттука, во конкретниот случај пријавниот ја промовирал омразата и ги деградирал лицата со различна сексуална ориентација. Се наведува дека именуваниот ја поврзувал сексуалната ориентација на ЛГБТИ лицата со ментални болести.

Од страна на подносителот се наведува дека ваков тип на неточни податоци за здравствената состојба на ЛГБТИ лицата, обвинувањата за криминални дејствија, како и тврдењата дека припадниците на заедницата се болни и треба да се лечат, што пак е спротивно на ставовите на одредени медицински и психолошки организации.
Дополнително, се наведува Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки, во која во точка Б е утврдено дека "Државите членки е неопходно да превземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица."

Понатаму во претставката се наведува дека многу лица припадници на ЛГБТИ заедницата имаат потреба од психолошка поддршка и советување за да се справат со дискриминацијата, стресот и предизвиците со кои се соочуваат. Се истакнува дека во Репупублика Северна Македонија од страна на одредени групи, често биле организирани координирани напади врз припадниците на ЛГБТИ заедницата или организациите кои ги поддржуваат.
На крајот подносителот наведува дека во конкретниот случај не се работи за изнесен став и мислење, туку за умислено промовирање или поттикнување на насилство.

На ден 01.08.2024 од страна на [redacted] - Скопје до Комисијата, по електронски пат, беше доставено дополнување на претставката, заведено под број 08-542/2.

Во прилог на претставката беа приложени следните докази:

- Фотографии од коментари на објава на профилот vidivaka на платфромата „Инстаграм"
- Линк до објавата со коментарите [redacted]

Конкретно, за подносителот спорен е коментарот: "@[redacted] класичен педер по дефиниција".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 09.08.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите во претставката со број 08-542/3 до потенцијалниот дискриминатор, лицето [redacted] од Велес.

На 20.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено писмено произнесување по претставката од страна на именуваниот кој наведува дека нема приговор во однос на наводите од претставката и воедно упатува извинување до сите кои се нашле загрижени од неговите коментари. Нагласува дека во ниту една негова порака немало закана кон ниеден член на ЛГБТИ заедницата, а коментарите биле искажанаи во негова лична афектна состојба од претходна случка со улично куче. Именуваниот посочува дека неговите коментари на објавата биле избришани откако ја примил предметната претставка.

Врз основа на сето погоренаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај лицето [redacted] од Велес сторил повикување, поттикнување и инструкции за дискриминација кон припадниците на ЛГБТИ заедницата врз основа на сексуална ориентација и припадност кон маргинализирана заедница во областа на јавното информирање и медиумите. Согласно член 9 од Закон за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), *Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.*

Имено во самото произнесување доставено од гореименуваниот е наведено дека тој не приговара на наводите во поднесената претставка против него и дава извинување за стореното, што консеквентно довело и до бришење на спорните коментари објавени од негова страна.

Во таа смисла согласно со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната

## П Р Е П О Р А К А

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето [redacted] од Велес во иднина да се воздржи од објавување на коментари на социјалните медиуми и платформи кои би можеле да се сметаат за дискриминаторски и кои повикуваат, поттикнуваат или даваат инструкција за дискриминација кон припадниците на ЛГБТИ заедницата.

Скопје,
02.01.2025 година

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

<u>Доставено до:</u>
- [redacted]
- Архива на КСЗД